РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1533/6
12-09-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 92-та седница одржана на ден 11.09.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр. 12-1533/1, оформен по сопствена иницијатива, со наводи објавени во медиуми со наслов: ,,-----------------------------------------------------------------------------------------, профилот на ------------------------- потрошил --------------- евра за спонзорирање на објави и постови на социјалните мрежи, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и утврдената фактичка состојба, не се потврдуваат наводите на пријавата.

Предметот со број 12-1533/1 од 10.03.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

На ден 10.03.2023 година, ДКСК по сопствена иницијатива оформи предмет заведено под број 12-1533/1, - по допрен глас за проверка на наводите односно сомневањата дека во последните ---------, профилот на -------------------------------------------- потрошил ------------- евра за спонзорирање на објави и постови на социјалните мрежи.

Според истражувањето на -------------, објавените постови и рекламните содржини на социјалните мрежи на ---------------, а кои се во вредност од -------------- евра, наводно се спонзорирани од --------------, -------------- и други средства за кои што нема податоци за крајните уплатувачи. Анализата на ------------------ покажува дека ----------------------------------------------- заедно со неговиот тим, со објавувањето на саморекламирачки постови, ја злоупотребуваат јавната доверба, не комуницираат до јавноста никакви владини политики и услуги за граѓаните, туку само ја промовираат идеализираната верзија на ------------------и ја кријат реалната состојба на општеството.

Со цел утврдување на фактичката состојба, ДКСК се обрати со Барање за прибирање на информации до -------------------------------------------------------------------------. На законски предвидениот рок добиен е одговор во кој се наведува следното:

--------------------------------------------------------------- ни достави одговор во кој се наведува дека објавените наводи во медиуми, кои се содржани во истражувањето на --------------- во однос на објавените постови и рекламни содржини на профилите на социјалните мрежи на ------------------------------, се шпекулација и не соодветствуваат со реалната состојба. Од почетокот на својот мандат ------------------ на своите профили објавува содржини кои информираат за конкретни владини политики и информации од интерес на јавноста. Истите се презентирани пред јавноста во форма на различни

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

видови настани организирани од страна на институциите, партнерите, но и од страна на --------------------------, на кои се присутни релевантни чинители вклучени во процесите кои трајно резултираат во конкретни владини политики.

-------------------------------------------------------------, во однос на финансирањето на објавените постови на социјалните мрежи на -------------------------------------, посочува дека не се финансирани со директни средства од буџетот на -------------------------------------------------------.

На 16.06.2023 година дополнително се обративме до ------------------------------------------------------ со барање за доставување на конкретни називи на спонзорите преку кои се финансират активностите и објавените постови на --------------------- во социјалните мрежи. Повторно добивме одговор каде се наведува дека информациите за спонзорирањето на постовите на социјалните мрежи се јавно достапни и лесно проверливи податоци кои може да се најдат директно на веб-страницата на компанијата ,,meta,, која е сопственик на платформите на кои комуницира ---------------------------------.

Со цел утврдување на фактичката состојба, ДКСК изврши увид во базата на податоци ,,Open Finance,, каде се јавно достапни податоци за искористени средства од буџетските корисници. Конкретно извршивме увид во исплатените буџетски средства од ------------------------------------ на различни приматели.

Но имајќи предвид дека во рамки на --------------------------------------------------- дејствуваат и други кабинети и институционални тела освен -----------------------------------------------------------, сметаме дека достапните јавните податоци во базата на Open Finance не претставуват сигурни и точни податоци за проверување на наводите во пријавата.

Врз основа на гореизнесеното и разгледувањето на предметната пријава, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај од причина што не се потврдуваат наводите од пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

------------------------------------

Изработил: Ф.Ј., советник
Одобрил: Ш.С, член на ДКСК